ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес
www.kolenedelkovski.edu.mk
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
facebook.com/rcsookolenedelkovski

Врз основа на членовите од 123 од Статутот на ДСУ РЦСОО“Коле Неделковски” од Велес, Училишниот одбор на одржаната редовна работна седница на ден 09.04.2024 година донесе

**Д Е Л О В Н И К**

За работа на Училишниот одбор на ДСУ РЦСОО “Коле Неделковски” Велес

## I.Општи одредби

**Член 1**

Со Деловникот се регулира начинот на работа на Училишниот одбор на ДСУ РЦСОО “Коле Неделковски” Велес.

**Член 2**

Училишниот одбор е составен од 12 члена, и тоа: четири претставника од наставниците, три претставника од родителите односно старателите на учениците, три претставника од основачот и по еден претставник од Министерството и од деловната заедница.

.

**Член 3**

Претставниците на основачот ги именува и разрешува владата на Република Северна Македонија .

Претставниците од родителите, односно старателите на учениците ги именува и разрешува Советот на родителите, претставниците на наставниците ги именува и разрешува Наставничкиот совет на Училиштето, претставниците на Министерството ги именува и разрешува министерот, а претставниците на деловната заедница Стопанската комора на Република Северна Македонија

**Член 4**

Членовите на Одборот освен претставниците од родителите на учениците се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.

Претставниците од родителите на учениците се именуваат за периодот до

завршувањето на средното образование на нивното дете.

Училишниот одбор својата работа ја врши на седници.

## II. Подготвување, свикување и работа на седниците на Училишниот одбор

### Член 5

Училишниот одбор својата работа ја врши на седници.
Седницата на Училишниот одбор се свикува по потреба.

Училишниот одбор ги врши следниве работи:

-Го донесува Деловник за работа на УО

-Го донесува Статутот на Училиштето;

- Предлага Годишна програма за работа и Извештај за работа до Министерство за образование и наука ;
- Го усвојува Извештајот за работа на Училиштето во претходната година;
- Предлага годишен финансиски план до Министерство за образование и наука ;
- Предлага завршна сметка до Министерство за образование и наука ;
- Објавува јавен оглас за избор на директор;
- Врши интервју со кандидатите за директор;
- Од пријавените кандидати по објавениот оглас за избор на директор, му предлага на министерот за образоавние и наука еден кандидат;

- Поднесува предлог до директорот за престанок на работен однос на лице кои во остварување на воспитно-образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати, по претходна иницијатива на Бирото за развој на образованието, Советот на родители и Државниот просветен инспекторат
- Одлучува по приговори и жалби на вработените во Училиштето

- Одлучува по жалби на ученици, родители, односно старатели на ученици
- Го утврдува предлог-планот на Училиштето за упис на ученици;
- Ја разгледува реализацијата на Годишната програма за работа;
- Донесува одлука за промена на дејноста и на други статусни промени;
- донесува План за јавни набавки
- Именува и разрешува помошник директор по предлог на директорот на Училиштето;
- Разгледува тековни прашања од животот и работата на Училиштето;
- Одлучува за внатрешната организација на Училиштето;
- Донесува одлука за земање кредит;
- Одлучува по барање на работниците за заштита на нивните права (приговори против одлуките на директороти други овластени работници);
- Усвојува нормативни општи акти на Училиштето (Статут, Правилник за работни односи, Правилник за плата, Правилник за систематизација на работните места);
- Дава мислење и иницијатива за менување и разрешување на директорот;
- Донесува одлуки за набавка на основни средства;
- Врши други работи утврдени со закон и нормативните акти на Училиштето.

**Член 6**

Мандатот на член на Училишен одбор престанува во следниве случаи:

- по негово барање
- со престанок на работен однос во училиштето (за преставник од наставниците)
- со престанок на статусот ученик (за преставник од родителите)
- ако е осуден на казна затвор

Мандатот на член на Училишен одбор треба да биде отповикан ако неоправдано отсуствува од три последователни седници на Училишниот одбор.

**Член 7**

Седниците на Училишниот одбор на училиштето се јавни.
Јавноста може да биде исклучена кога на дневен ред серазгледуваат прашања од посебен интерес.

**Член 8**

Седниците на Училишниот одбор се одржуваат во просториите на училиштето, во време што ќе овозможи присуство на сите членови на Училишниот одбор.

**Член 9**

Училишниот одбор може да одржи седница само ако се присутни повеќе од половината членови на Училишниот одбор, а одлуките ги донесува со мнозинството на гласови од членовите на Училишниот одбор.

**Член 10**

Седниците на Училишниот одбор се свикуваат по писмен пат со покана.

**Член 11**

Покана до членовите на Училишниот одбор се доставува 3 (три) дена пред одржување на седницата.

**Член 12**

На седниците на Училишниот одбор присуствува директорот на училиштето, доколку Училишниот одбор оцени дека е потребно негово присуство без право на глас.

**Член 13**

Членовите на Училишниот одбор (а и останатите лица) се должни редовно да присуствуваат на седниците, а доколку се спречени, должни се причините да ги изнесат на претседателот на Училишниот одбор.

**Член 14**

Присуството, односно отсуството на членовите на Училишниот одбор, се забележува пред почетокот на секоја седница во записничката книга. Нередовноста на членовите на Училишниот одбор повлекува одговорност и можност за превземање мерки за отповикување на истиот.

**III. Тек на седницата**

**Член 15**

Седницата на Училишниот одбор ја отвора и раководи претседателот на училишниот одбор, а во негово отсуство заменикот на претседателот на Училишниот одбор.

**Член 16**

Пред да ја отвори седницата, претседателот на Училишниот одбор го проверува бројот на присутни членови на Училишниот одбор и дали може Училишниот одбор полноважно да одлучува.

**Член 17**

Доколку не присуствуваат доволен број (повеќе од една половина) на членови на Училишниот одбор, седницата се презакажува.
Присутните членови усно се известуваат, а на останатите членови им се доставуваат покани.

**Член 18**

Пред првата точка од дневниот ред, се отвора претрес по записникот од претходната седница.

Членовите на Училишниот одбор имаат право да бараатобјаснување и даваат забелешки на содржината на записникот.
Усвоените забелешки се внесуваат во новиот записник од тековната седница, а како исправка, односно дополнување на записникот од претходната седница.
Доколку по записникот од претходната седница нема забелешки, истиот се усвојува.
По усвојување на записникот од претходната седница, претседателот на Училишниот одбор пристапува кон усвојување на дневниот ред.

**Член 19**

Претседателот на Училишниот одбор го чита предложениот дневен ред и бара произнесување по истиот.
Доколку нема забелешки по дневниот ред, предлози за негова измена и дополнување, претседателот на Училишниот одбор пристапува кон усвојување на дневниот ред.

**Член 20**

Измените и дополнувањата на дневниот ред треба да бидат образложени. За нив, членовите на Училишниот одбор се произнесуваат и одлучуваат.

**Член 21**

По утврдувањето на дневниот ред се пристапува кон разгледување на точките оддневниот ред по редослед како што се утврдени во дневниот ред.

**Член 22**

Образложението по точките од дневниот ред може да биде усно или писмено.

**Член 23**

По образложението на точката, претседателот на Училишниот одбор прашува дали образложението било разбирливо и доволно. Потоа, се отвора претрес и дискусија по точката.

**Член 24**

Претседателот на Училишниот одбор е должен со внимание да ја следи секоја дискусија. Доколку некој дискутант се оддалечи од темата што е на дневен ред или ако е многу опширен и нејасен во своето искажување, претседателот на Училишниот одбор е должен да го опомене, а ако и покрај тоа не се корегира, му го одзема правото на дискусија.

Претседателот на училишниот одбор е должен да го опомене дискутантот доколку не изнесува ништо ново или пак не дава прецизни предлози по прашањето за кое се дискутира.

**Член 25**

Во случај на времено ограничување на дискусијата, претседателот на училишниот одбор е должен секој учесник во дискусијата да го прекине во дискусијата со завршување на мислата.

**Член 26**

Претседателот на Училишниот одбор е должен да го прекине секој учесник во дискусијата ако тој ги навредува присутните на седницата или другите вработени во училиштето.

**Член 27**

Кога ќе се исцрпи дискусијата и никој веќе не се јавува за збор, или пак, по оценка на Училишниот одбор се смета дека дискусијата по одредена точка од дневниот ред е исцрпена, претседателот на Училишниот одбор ја заклучува дискусијата и потоа пристапува кон одлучување.

**Член 28**

По завршување на првата точка од дневниот ред, по истиот редослед на дејства се преминува кон рагледување на останатите точки од дневниот ред.

**Член 29**

Доколку во текот на претресот по одредени точки од дневниот ред се утврди дека прашањата се недоволно обработени, членовите на Училишниот одбор можат точките да ги одложат за наредната седница.

## IV. Донесување на одлуки

**Член 30**

По завршување на претресот и заклучување на дискусиите по секоја точка од дневниот ред, се пристапува кон одлучување.

**Член 31**

Пред гласањето, претседателот на Училишниот одбор ги чита сите предлози со точката на дневниот ред и тоа по редослед на предлагањето.

Прво се гласа за предлогот содржан во материјалите, ако таков предлог нема, се гласа по предлогот што ќе го формулира претседателот на Училишниот одбор, врз основа на предлозите на учесниците во дискусиите.

Ако дискутантите категорично остануваат при своите предлози, а при тоа тие се разликуваат од предлогот содржан во материјалите, односно формулиран од претседателот на училишниот одбор, се гласа и по нивните предлози.

**Член 32**

Кога по една точка од дневниот ред постојат повеќе предлози, секој член на Училишниот одбор го има правото да гласа само за еден од предлозите.

**Член 33**

Доколку при гласањето, за еден предлог се добијат ист број на гласови или за повеќе предлози, два од нив (најголем број на гласови) добијат ист број на гласови, гласањето се повторува, а за вториот случај, само за првите предлози.

Ако и при повторното гласање, ниту еден од предлозите не го добијат потребниот број на гласови, гласањето се одложува за наредната седница.

**Член 34**

Ако од гласањето не може да се утврди точниот резултат, се пристапува кон поединечно гласање.

**Член 35**

Одлуката донесена на седницата не може да се менува на истата седница.

**Член 36**

Училишниот одбор своите одлуки ги донесува со гласање. Гласањето по правило е јавно и се остварува со кревање на рака.

Гласањето се остварува на следниот начин: претседателот на Училишниот одбор ги повикува членовите да се изјаснат и тоа прво, кои се “за”, а потоа кои се “против” предлогот и кои се “воздржани”.

**Член 37**

По одредени прашања, утврдени со закон или нормативен акт на училиштето, Училишниот одбор одлучува по пат на тајно гласање.

На предлог на членовите на училишниот одбор, гласањето може да биде тајно, ако Училишниот одбор го прифати предлогот.

**Член 38**

Одлуките донесени на седницата ги формулира претседателот на Училишниот одбор и гласно ги диктира за да се внесат во записникот.

Формулацијата на одлуките треба да одговара на суштината на прашањата.

**Член 39**

Седницата на Училишниот одбор трае се додека не се исцрпат сите точки од дневниот ред, а потоа претседателот на Училишниот одбор ја заклучува.

Доколку седницата не може да заврши во истиот ден, Училишниот одбор одлучува истата да продолжи следниот ден или во следните 3 (три) дена.

При таков случај се утврдува времето и местото каде седницата ќе продолжи со работа.

За присутните членови важи усното известување, а отсутните се известуваат со покани.

## V. Записник

### Член 40

На седницата на Училишниот одбор се води записник. Записникот го води секретарот на училиштето или избран записничар од редот на членовите на Училишниот одбор, во посебно утврдена записничка книга.

### Член 41

Во записникот задолжително се внесуваат следните податоци:

- реден број на седницата (записникот со реден број 1 е од денот на конституирањето на Училишниот одбор) со напомена дали седницата е редовна или вонредна
- времето на започнување и завршување на седницата
- местото на одржување
- евиденција на присутни и отсутни членови на Училишниот одбор, како и за најавено отсутните
- констатација за записникот од претходно одржаната седница
- утврден дневен ред
- учесници во дискусиите, кратка содржина на дискутантите и дадени предлози

### Член 42

Сите одлуки, решенија и друго, донесени на седницата се внесуваат само во својот диспозитив и тоа како ги издиктирал претседателот на Училишниот одбор, како и тоа, колку гласале “за”, “против” и “воздржани”.

Доколку усвоената одлука им била доставена со покана за седницата, како предлог-одлука, а е усвоена според предложената содржина, во записникот се констатира дека е усвоена како што е предложена.

**Член 43**

Записникот го потпишува записничарот и претседателот на Училишниот одбор.

**Член 44**

Одлуките од записникот ги комплетира и оформува секретарот на училиштето, истите така формулирани со целокупниот материјал со записнкот се комплетираат и се чуваат.

Примерок одкомплетираниот материјал се доставува до директорот на училиштето, заради понатамошно спроведување.

Поединечни акти што произлегуваат од одлуките на Училишниот одбор, односно решенија ги потпишува директорот на училиштето.

## VI. Завршни одредби

**Член 45**

Деловникот стапува во сила со денот на донесувањето.

Со стапување на овој Деловник, престанува правното дејство на претходниот.

Велес,09.04.2024 година

Претседател на училишен одбор
Магдалена Иванова

________________________________